# III. Надворешно-трговски и девизни движења во Република Македонија

## Основни индикатори за надворешно-трговските и девизните движења

| | месец | Износ (милиони УСД) | Месечни промени во % | I-XI. 2003 (милиони УСД) | Промени во % |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | во однос на ист период од претходната година |
| **Надворешно-трговска размена** | XI.2003 | 294,7 | -12,8 | 3.246,9 | 17,0 |
| **Извоз** | XI.2003 | 120,6 | -3,2 | 1.224,5 | 21,3 |
| **Увоз** | XI.2003 | 174,1 | -18,3 | 2.022,4 | 14,5 |
| **Салдо** | XI.2003 | -53,6 | -39,6 | -797,8 | 5,5 |
| | | | | | во однос на крајот од претходната година |
| **Надворешен долг на РМ** | XI.2003 | 1.700,2 | 0,8 | - | 12,0 |
| **Девизен курс на девизен пазар** (денари за единица странска валута) | XI.2003 | | | | |
| **МКД / УСД** | | 51,49 | -1,3 | | -16,2 |
| **МКД / ЕВРО** | | 61,29 | 0,1 | | 0,4 |

Извор: Државен Завод за статистика на Република Македонија и Народна банка на Република Македонија.

## 3.1. Надворешно-трговска размена[5]

*Во ноември 2003 година, стоковната размена со странство намалена за 12,8% на месечна основа...*

Стоковната размена на Република Македонија со странство, во ноември 2003 година забележа пад од 12,8% на месечна основа и изнесуваше 294,7 милиони САД долари. Притоа, извозот се намали за 3,2% во однос на претходниот месец и се сведе на 120,6 милиони САД долари, додека увозот се намали за 18,3% и изнесуваше 174,1 милион САД долари. Со оглед на поинтензивниот пад на увозот во однос на извозот, трговскиот дефицит на месечна основа се намали за 39,6% и изнесуваше 53,6 милиони САД долари. Покриеноста на увозот со извоз достигна 69,2%, (пораст на стапката на покриеност за 10,8 процентни поени во однос на минатиот месец) што претставува индикатор за поволно структурно поместување на компонентите на размената. Анализирано по производи, во ноември, месечно намалување забележа извозот[6] на железо, челик и разни валани производи и профили добиени од овие метали (25,2%); минерални горива и минерални масла (18,0%) и извозот на овошје, зеленчук и нивни производи (35,0%), кои заедно учествуваат со 25,2% во вкупниот извоз. Падот на увозот главно се должи на намалувањето на привремениот увоз на железо и челик за доработка (46,1%), увозот на минерални горива (17,2%), увозот на котли и други погонски машини и мотори (31,5%) и увозот на електромотори и апарати (21,8%).

*...при поизразен пад на увозот на стоки од странство*

На годишно споредбено ниво, надворешно-трговска размена во ноември 2003 година оствари пораст од 5,6%. Притоа, извозот се зголеми за 26,2%, увозот е понизок за 5,1% и соодветно трговскиот дефицит се намали за 39,1%.

Графикон 21
Извоз, увоз и салдо на надворешно-трговската размена
(во милиони САД долари)




*Кумулативен пораст на надворешно-трговската размена од 17,0% во периодот јануари-ноември 2003 година*

Надворешно-трговската размена во периодот јануари-ноември 2003 година оствари кумулативен пораст од 17,0% и изнесуваше 3.246,9 милиони САД долари. Притоа, извозот се зголеми за 21,3% и достигна 1.224,5 милиони САД долари, додека увозот оствари пораст од 14,5% и изнесуваше 2.022,4 милиони САД долари. Анализата од аспект на извозот покажува најдинамичен пораст кај извозот на категориите: облека и текстил (21,4%), железо и челик и нивни производи (57,4%) и минерални горива (за 3 пати). Кај увозот, забележителен пораст остварија увозот на текстил за доработка (24,7%), привремениот увоз на железо и челик за доработка (23,8%) и минерални горива (33,7%). Воедно, порастот на

[5] Претходни податоци на Државниот завод за статистика на Република Македонија. Извозот на стоки е прикажан на ф.о.б. основа, додека увозот на стоки е прикажан на ц.и.ф. основа.
[6] Според класификацијата на производи по тарифни броеви.

увозот на погонски машини и мотори (11,2%), на електромотори и апарати (48,9%), укажува на поместување на увозната структура во насока на пораст на капиталните добра во вкупниот увоз во анализираниот период, додека високото учество на увозот за доработка во вкупниот увоз (19,8%) посочува на обезбеден пласман на поголем дел од увозот. Во периодот јануари-ноември 2003 година покриеноста на увозот со извоз изнесуваше 60,6% (стапката на покриеност во истиот период од претходната година изнесуваше 57,2%).

***Месечно намалување на извозот и увозот во трговската размена со Европската Унија***

Во ноември 2003 година, со Европската Унија (ЕУ), како доминантен надворешно-трговски партнер на Република Македонија, беа реализирани 52,1% од вкупниот извоз и 45,8% од увозот. Притоа, 20,4% и 13,3% од вкупниот извоз е остварен во размената со Германија и Грција, соодветно. На страната на увозот, 16,0% од вкупно увезените стоки во Република Македонија потекнуваат од Германија, а 10,5% од Грција. Во ноември 2003 година, извозот кон ЕУ забележа месечно намалување од 3,9%, главно заради падот на извозот кон Грција од 13,0%. Увозот од ЕУ е понизок за 10,9% на месечна основа, при намалување од 19,8% на увозот од Грција. Стапката на покриеност на увозот со извоз во размената со ЕУ изнесуваше 78,7%. Во ноември, републиките од поранешна СФРЈ учествуваат со 27,1% во македонскиот извоз и со 14,6% во увозот, при што 18,5% од македонскиот извоз и 7,0% од вкупниот увоз се реализираат во размената со Србија и Црна Гора. Воедно, пласманот кон оваа групација на земји е намален за 18,3% на месечно ниво, додека увозот бележи пад од 39,5%. Стапката на покриеност на увозот со извоз во размената со републиките од поранешна СФРЈ изнесуваше 128,8%. Во размената со источно-европските земји извозот забележа намалување од 2%, наспроти падот од 23,5% на увозот. Притоа, 5,8% од македонскиот извоз и 21,4% од вкупниот увоз се остварува во стоковната размена со овие земји. Во рамки на оваа интеграција, Бугарија како позначаен партнер во размената учествува со 2,4% во македонскиот извоз и со 7,1% во увозот. На месечна основа, пласманот на македонски производи во Бугарија е повисок за 42,1%, при понизок увоз за 20,7% споредено со претходниот месец. Стапката на покриеноста на увозот со извоз во размената со источно-европските земји во ноември 2003 година изнесува 18,7%.

Графикон 22
Стоковна размена на Република Македонија според групации на земји, I-XI.2003 година

Извоз Увоз

